# ТОЧКА ОД КОЈА ЌЕ ТРГНУВААТ





Фонтаната ќе има посебни водни и светлечки ефекти, водоскоците ќе одат во една не многу висока вертикала, а вода ќе извира и од обелискот, но нема да оди нагоре, туку ќе се слева по него. Менувањето на водата и светлечките ефекти ќе биде решено компјутерски. Освен тоа, водата ќе поминува низ посебен систем на прочистување така што ќе се избегне напластување каменец врз мозаикот и обелискот.

**Сега веќе се знае каква фонтана ќе добие Скопје во својот центар, на плоштадот „Македонија": таа ќе биде во форма на дванаесетаголник со ширина од 25 до 27 метри, дното ќе ѝ биде украсено со 12 мозаици, на кои ќе бидат претставени сонца, ќе има неколку водоскоци, посебен режим на осветлување, а од нејзиниот средиштен дел ќе се издига обелиск во височина од 9 метри. Автори на идејата за фонтаната, за која веќе се потенцира дека ќе биде уникатно дело, какво што нема во нашата поширока околина, се двајцата доајени на македонското ликовно творештво - скулпторот Петар Хаџи Бошков и сликарот Димитар Кондовски, кои концепцијата за ова уметничко дело ја разработиле уште во 1974 година, за неа добиле и прва награда на југословенски конкурс, но сепак, до денес таа немаше конкретна реализација. Неодамна градската управа го промовираше идејниот проект за фонтаната, што наедно значи и почеток на неговата реализација. Конкретните работи на самото место засега ќе почекаат подобри временски услови, но затоа еден дел од фонтаната - обелискот, веќе е во поодмината фаза на реализација. Приказната се случува во ателјето на Факултетот за ликовни уметности...**

Околу 180 блокови од стиропор, кои на едната страна се обработени во современа геометризација, речиси го окупираат просторот на ателјето на Факултетот за ликовни уметности (оној што се наоѓа во Педагошкиот факултет). Кога блоковите ќе се состават, се добива позитивот на деветметарскиот обелиск во оригинална димензија, според кој треба да се изведе одливот на столбот во бронза. Овие блокови во изминатиов месец ги обработуваа петмина студенти и двајца предавачи од Факултетот за ликовни уметности во Скопје под будното око на скулпторот Петар Хаџи Бошков, еден од авторите на проектот за фонтаната што ќе биде изградена на плоштадот „Македонија". Покрај Хаџи Бошков, грандиозната фонтана ја потпишува и името на доајенот на македонската ликовна уметност Димитар Кондовски, чии мозаици во внатрешноста на фонтаната ќе ги изведе сликарот Рубенс Корубин.

**„Бидејќи обелискот е висок 9 метри, позитивот од стиропор е правен во делови. Деловите сега ги пакуваме и во догледно време ќе бидат транспортирани за Бугарија, во една позната ливница во Софија. Леењето на столбот во бронза ќе трае 6 до 8 месеци. Тоа е сложен процес, кој има неколку етапи, а ливницата во Софија ја одбравме бидејќи имаат искуство во изведбата на големи споменици не само за Бугарија туку и за многу други земји во светот. Кога обелискот ќе биде готов, од Софија до Скопје ќе се пренесе во еден дел и со дигалка ќе се постави на определеното место во фонтаната"**, објаснува скулпторот Петар Хаџи Бошков.



Петар Хаџи Бошков, скулптор

**„Сега елементите се бели, но скулптурата ќе биде темнозелена. Бронзата е најотпорен материјал на корозија. Тоа е едната причина зошто се определивме за овој материјал. Втората е што Скопје се наоѓа на трусно подрачје, а бронзата е отпорна и на удари.**

Фонтаната на плоштадот „Македонија" ќе се изведува според неговото и идејното решение на сликарот, покојниот Димитар Кондовски, замисла што датира од 1974 година. **„Ова е идеја со која јас и Кондовски пред многу години добивме прва награда на југословенски конкурс, на кој учествуваа околу 40 скулптори. Тоа беше конкурс за фонтана што требаше да биде направена на просторот пред зградата на Електростопанство на Македонија. Иако добивме прва награда, проектот не се реализира поради многу причини, но мислам дека главната беше што проектот изгледаше премногу современо. Знаете, во тоа време сепак најмногу на цена беа дела во стилот на соцреализмот"**, вели Хаџи Бошков.

Фонтаната е уметничко дело со два обединувачки елемента - хоризонтален, кружна основа и вертикален, обелиск. Во кругот на фонтаната, кој е всушност дванаесетаголник, ќе има мозаици на Кондовски - на 12 македонски сонца и 12 апликации, кои според замислата на доајенот на македонската ликовна уметност, ќе ги изведе сликарот Рубенс Корубин.

**„Мозаикот на Кондовски е во современ стил, но истовремено во него се вградени многу елементи од македонскиот фолклор и ис-**

# ...А КОНДОВСКИ И ХАЏИ БОШКОВ



## Беди Ибрахим, доцент

Особено инспиративно за мене како уметник и професор беше што на овој проект се споени енергиите на три генерации уметници и што имаме можност да разменуваме идеи и мислења на релација професори - ученици", вели доцентот на ФЛУ, Беди Ибрахим.

Додека работеле во ателјето, екипата слушала музика, најчесто класична или музика што му се допаѓа на Хаџи Бошков. **„Работевме жичка по жичка според ритамот на музиката. Хаџи Бошков ни кажуваше дека кога работеле со Кондовски исто така експериментирале со музиката, со нејзиниот ритам".**

Фонтаната, според Ибрахим, ќе биде главната точка, местото според кое ќе се ориентираат жителите, но и гостите во Скопје. **„Кога доаѓаат странци во Скопје, најчесто прашуваат каде е железничката станица бидејќи градот нема некое друго место според кое може да се ориентираат. Сега фонтаната ќе биде токму тоа место, центарот од кој ќе тргнуваат сите насоки. Освен тоа во старите записи на Евлија Челебија се вели дека Скопје е град на фонтани, на вода. Но по земјотресот, Скопје го загуби тоа обележје. Покрај џагорот од луѓето, музиката што доаѓа од градските кафулиња, на овој град му недостигаше звукот на водата. Сега со оваа фонтана ќе го имаме и тој звук".**



## Гоце Наневски, асистент

За асистентот на Факултетот за ликовни уметности, Гоце Наневски, ангажманот во изработката на обелискот е ретка можност за студентите и воопшто за факултетот да бидат вклучени во еден голем проект, особено што „ваков грандиозен проект на оваа држава ѝ се случува еднаш во сто години". **„Ангажманот на студентите има важност и од друг, семантички аспект - еден ден, по некоја временска дистанца, тие ќе се појават пред обелискот и ќе речат: 'Да, јас бев дел од оваа скулптура'. Големината на тоа задоволство ја знаат само уметниците".** Во овој проект се ангажирани петмина студенти од втора до четврта година.

# СИТЕ ПАТИШТА



Даниела Илиевска, студент: „Верувам дека ова искуство ќе ми послужи за понатаму, меѓу другото и затоа што досега на факултетот немавме можност да работиме на вакви големи дела"



Зоран Јаневски, студент: „Мојата дипломска на групата Историја на уметност и археологија беше монографија за професорот Хаџи Бошков. Сега, како студент по вајарство, сум бескрајно среќен што сум избран во тимот како некакво продолжување на духовната врска со професорот, чие творештво детално го проучував"



**торија. Бројот 12 е асоцијација на 12 месеци, на заокружувањето на еден животен тек"**, вели Хаџи Бошков.

Обелискот, на кој низ современа геометризација е пренесено уметниковото доживување на животниот ритам, и мозаикот претставуваат спој на современото и традицијата. **„Обелискот како облик, или ако сакате столбот, симболизира нешто конкретно, величествено, масивно. Овој обелиск лично го чувствувам како столб на животот, што секако не мора да биде така и за другите што ќе го гледаат, односно делото секој си го толкува на свој начин. На обелискот е избегната класичната фигурација, туку низ една современа геометризација се прикажуваат бесконечните движења и пулсирања на животот. Ова дело не се однесува на конкретна личност, туку има едно општо значење за животот и човекот. Сите пулсирања што се прикажани визуелно на обелискот ќе оживуваат секој миг како што на нив ќе паѓа светлината на сонцето, и на овој начин ќе биде постигнат еден концепт на спојување меѓу она што е на Земјата и светлината од сонцето. Дали вакви пулсирања има во космосот - не знаеме, но на Земјата постојат кај сите живи суштества. Без пулсирање нема живот. Кога завршуваат пулсирањата и ритмите на животот, настапува смртта"**, објаснува Хаџи Бошков.

Ова дело тој го гледа како заокружување на сопственото петдецениско творештво. **„Ова е синтеза на сè што сум работел досега, еден заклучок на моето творештво во минатите 50 години".**

Но, се разбира, геометризацијата на деветметарскиот обелиск беше огромна работа што објективно тој самиот не можеше да ја изведе. Во изминатиов месец Хаџи Бошков ги „пресликуваше" своите идеи на блоковите од стиропор низ вештите раце на петтемина студенти од отсекот за вајарство на Факултетот за ликовни уметности - Мирослав Величковски, Борче Димовски, Даниела Илиевска, Зоран Јаневски и Енес Деари, доцентот Беди Ибрахим и асистентот Гоце Наневски.

**„Сите сакаме целиот проект да се заврши што поскоро. Градежните работи за фонтаната ќе почнат кога временските услови ќе го дозволат тоа. Потоа ќе следи изработката на мозаиците, а од друга страна, столбот ќе се лее. Значи претстои многу работа што, верувам, со успех ќе ја завршиме"**, вели Хаџи Бошков.

Гордана Колевска

Мирослав Величковски, студент: „Не беше напорно, туку беше возбудливо. Ова е предизвик за мене како иден вајар. Сонувам и јас еден ден да бидам автор на едно вакво значајно дело"

